**ХУМАНОСТ:** МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ И ЦРВЕНАТА ПОЛУМЕСЕЧИНА НАСТАНА КАКО РЕЗУЛТАТ НА ЖЕЛБАТА ДА ИМ СЕ ПОМОГНЕ НА РАНЕТИТЕ НА БОЈНОТО ПОЛЕ И ТОА БЕЗ БИЛО КАКВА ПРИСТРАСНОСТ, КАКО И ДА ГО СПРЕЧИ И ОЛЕСНИ ЧОВЕКОВОТО СТРАДАЊЕ СЕКОГАШ КОГА Е ТОА МОЖНО. ЦЕЛТА НА ДВИЖЕЊЕТО Е ДА ГО ЗАШТИТИ ЖИВОТОТ И ЗДРАВЈЕТО И ДА ГО ПОЧИТУВА ЧОВЕКОТ. ПРОМОВИРА ЗАЕДНИЧКО РАЗБИРАЊЕ, ПРИЈАТЕЛСТВО, СОРАБОТКА И ТРАЕН МИР МЕЃУ СИТЕ ЛУЃЕ. **НЕПРИСТРАСНОСТ:** НЕ ПРАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА НАЦИОНАЛНА, РАСНА, ВЕРСКА И КЛАСНА ПРИПАДНОСТ ИЛИ ПОЛИТИЧКО УБЕДУВАЊЕ. НАСТОЈУВА ДА ГИ ОЛЕСНИ СТРАДАЊАТА НА ПОЕДИНЦИТЕ, ВОДЕЈЌИ СЕ ИСКЛУЧИВО ОД НИВНИТЕ ПОТРЕБИ, НО ДАВАЈЌИ ПРИОРИТЕТ НА НАЈИТНИТЕ СЛУЧАИ. **НЕУТРАЛНОСТ:** ЗА ДА ЈА УЖИВА ДОВЕРБАТА НА СИТЕ, ДВИЖЕЊЕТО НЕ СМЕЕ ДА ЗАВЗЕМА СТРАНА ОД ПОЛИТИЧКА. РАСНА, ВЕРСКА ИЛИ ИДЕОЛОШКА ПРИРОДА. **НЕЗАВИСНОСТ:** ДВИЖЕЊЕТО Е НЕЗАВИСНО. НАЦИОНАЛНИТЕ ДРУШТВА ИАКО ДЕЛУВААТ КАКО ДОПОЛНЕНИЕ НА ХУМАНИТАРНИТЕ СЛУЖБИ НА ВЛАДИТЕ И СЕ ПРЕДМЕТ НА РЕГУЛИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО, МОРААТ ДА ЈА ЗАЧУВААТ АВТОНОМНОСТА ЗА ДА МОЖАТ ДА ДЕЈСТВУВААТ ВО СЕКОЕ ВРЕМЕ, СОГЛАСНО СО ПРИНЦИПИТЕ НА ДВИЖЕЊЕТО. **ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА:** ТОА Е ДВИЖЕЊЕ ЗА ДАВАЊЕ НА ДОБРОВОЛНА ПОМОШ КОЕ НЕ Е ИНСПИРИРАНО ОД МАТЕРИЈАЛНИ ПОБУДИ. **ЕДИНСТВО:** ВО ЕДНА ДРЖАВА МОЖЕ ДА ИМА САМО ЕДНО НАЦИОНАЛНО ДРУШТВО НА ЦРВЕНИОТ КРСТ ИЛИ ЦРВЕНАТА ПОЛУМЕСЕЧИНА. МОРА ДА БИДЕ ОТВОРЕНО ЗА СИТЕ И ДА ЈА ИЗВРШУВА СВОЈАТА ХУМАНИТАРНА РАБОТА НА ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА ВО ЗЕМЈАТА. **УНИВЕРЗАЛОСТ:** МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ И ЦРВЕНАТА ПОЛУМЕСЕЧИНА, ВО КОЕ СИТЕ ДРУШТВА ШТО ГО СОЧИНУВААТ ИМААТ ЕДНАКОВ СТАТУС, ОДГОВОРНОСТИ И ДОЛЖНОСТИ ВЗАЕМНО ДА СЕ ПОМАГААТ, ДЕЛУВА ВО ЦЕЛИОТ СВЕТ.

ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ
KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT
CITY RED CROSS OF SKOPJE

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
# REPORTI I PUNËS
# ANNUAL REPORT

# 2006

ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ · CITY RED CROSS OF SKOPJE



## Дванаесет причини...
## ...да ја паметиме 2006

1. Отварање на куќичка на Скопски саем за повеќекратни и потенцијални крводарители
2. Отварање на втора амбуланта во Автокоманда за баратели на азил
3. Акција Нов Дом- во соработка со Меѓународното училиште "Нова" со цел собирање на покуќнина од хуманите граѓани за социјално загрозени семејства
4. Ново име и содржински концепт на нашето гласило "Нова димензија" општествено - хуман магазин
5. Едукација на единица за одговор при катастрофи, оддел за логистика, како и употреба и брзо ставање во акција на полската подвижна кујна
6. Едукација на единицата за одговор при катастрофи за употреба на против пожарна опрема
7. Интернационална димензија на проектот ЦКА-ПХВ во Србија, како и проширување во сите ООЦК во Р.Македонија како нов модел за дисеминација за млади
8. Ти во мојот свет- проект за култура како систем од вредности во средното училиште Владо Тасевски
9. Обука на прва помош за лица во фирми, компании, производствени погони и за најмалите во градинките
10. Ние сакаме Вие можете, кампања во соработка со Т-мобиле со цел да им пружиме помош на лицата со церебрална парализа
11. Успешно функционирање на клубот на млади
12. Продолжување на меѓународна соработка: посета од страна на Ерменија, Азербеџан, Косово, Босна, Србија, Црна Гора како и наша посета на Словенија, Австрија, Софија (Балкански натпревар по прва помош)

## ...да се радуваме во 2007 година

1. Привлекување на нови волонтери и нивна обука за работа во ЦК
2. Продолжување на имплементација на новиот модел за дисеминација за млади (ЦКА-ПХВ) во други градови
3. Промовирање на движењето, принципите и вредностите на Црвениот крст на што поголем број целни групи
4. Подигање на свеста за учениците за значењето на Првата помош како и нивна масовна едукација преку училишниот систем
5. Првата помош во градинките за најмалите
6. Активна кампања за промоција и унапредување на крводарителството
7. Подигање на свеста кај граѓаните за катастрофите, изготвување на карта за потенцијални катастрофи во Скопје со цел подобро превенирање, постојана едукација на ЕНН и обезбедување на залихи во магацините
8. Унапредување на човечките капацитети, како на волонтерско така и на професионално ниво
9. Континуитет во излегувањето на Општествено хуманиот магазин "Нова димензија"
10. Подобрување на соработка со здравствените институции со цел препознавање на здравствените потреби на населението
11. Соработка преку заеднички проектни активности со невладиниот сектор и медиумите
12. Унапредување на сите програми со цел доближување до реалните потреби на терен

Не дозволувајте да Ве униформираат и да станете уште една личност во низот на клонираните личности кои сакаат да станаат некои други, а при тоа нетрудејќи се сами да си ја пронајдат среќата во својот сопствен лик.
Не е страшно да се има лош вкус за стил на животот, туку е страшно да се нема.
Затоа и со овој извештај сакаме да бидеме уникатни и свои во интересот на оние за кои постоиме.

Саит Саити
Претседател на Црвен крст на град Скопје

Сузана Тунева Пауновска
Секретар на Црвен крст на град Скопје

| | ПЛАНИРАНО - РЕАЛИЗИРАНО | ПЛАНИРАНО - НЕРЕАЛИЗИРАНО | НЕПЛАНИРАНО - РЕАЛИЗИРАНО |
|---|---|---|---|
| Социјално хуманитарна дејност | • Координирање на социјално-хуманитарните активности на ниво на град Скопје<br>• Соработка со Советот на град Скопје во реализација на хуманитарни активности<br>• Дистрибуција на хуманитарна помош на раселените лица и баратели на азил<br>• Одбележување на традиционалните активности според календарот на ЦК РМ | • Правна помош на социјални семејства-пилот проект во соработка со Адвокатска комора Зошто? Заради откажување на донаторот<br>• Отварање на продавница за стара облека Зошто? Според проценка на организација е одложен за во 2007 година | • Нема |
| Единица за одговор при катастрофи | • Опремување на членовите на единицата со униформи како и колективно осигурување на членовите<br>• Организирање на курс за спасители на вода-оспособени 18 нови спасители<br>• Учество на традиционалната манифестација по повод верскиот празник Водици.<br>• Два тренинг семинари за планински спасители во зимски услови одржани на Попова Шапка<br>• Триесетчасовен курс за прва помош за членови на Единицата<br>• Семинар за противпожарна заштита за членовите на единицата<br>• Покривање на сите јавни настани и манифестации во градот од страна на единицата за одговор при катастрофи (концерти, натпревари, планинарски поход, ролеријади, Белата ноќ..) | • Нема | • Тренинг обука во Струга за членовите во нивните резерви.<br>• Семинар за логистика и за првпат употреба на подвижна кујна<br>• Дел од тимот за планинско спасување го искачија највисокиот врв во Европа Монт -Блан<br>• Учество во вежбата "Миротворец" како и учество на тимот за спасување на планина, дел од тимот за логистика и дел од медицинскиот тим на семинарот на Плачковица организиран од страна на ЦК РМ<br>• Дисеминациска и обука за вода и санитација за новите членови на тимот за вода и санитација на кој семинар учествуваше и тимот за логистика<br>• Учество на комадирот за тимот за логистика на Меѓународна вежба СЕЕСИМ- во центар за образование на кадри на одбрана Јозев Крузел |
| Дисеминација | • Координација на работа на ООЦК во делот на дисеминација преку одржување на редовни состаноци на комисијата за дисеминација<br>• Редовни дисеминациски сесии од страна на одговорниот дисеминатор<br>• Одржување на 4 редовни ЦКА-ПХВ работилници и една финална<br>• Влегување на проектот ЦКА-ПХВ во Србија<br>• Спуштање на проектот во рамките на сите ООЦК на територија на Р .Македонија како алатка за дисеминација за млади | • Нема | • Обука на лекари од ООЦК во областа на дисеминација<br>• Обука на 320 студенти од Медицински и Стоматолошки факултет на областа на дисеминација<br>• Започнување на пилот фаза на проектот Ти во мојот свет каде целта е промовирање на култура како систем од вредности |
| Информирање | • Внатрешна комуникација помеѓу службите, со медиумите , со ООЦК како и со ЦКРМ.<br>• Навременост во изнесување на информациите, учество во емисии на ТВ<br>• Истакнување на кодексот и правилата на однесување на вработените на јавни места<br>• Излегување на весникот (едниот бр. "Солидарен мост", а веќе наредниот бр. со ново име и содржина "Нова димензија") | • Нема | • Промена во содржинскиот аспект и уредувачката политика на весникот (покрај редовните активности на ЦК на град Скопје присутни спонзорства, реклами,советодавни рубрики, водич на теми од здравство...) |
| Крводарителство | • Изработен интегрален годишен план за крводарителство<br>• Спроведени 2-те традиционални акции (26Јули и 13-ти Ноември)<br>• Релизирација и дистрибуција на дел од планираните промотивни материјали<br>• Промовирање на Црвен крст, присутност помеѓу граѓаните од нашиот град<br>• Традиционални 13-то Ноемвриски награди од областа на крводарителсвото | • Едукација на студентите преку работилници и предавања. Зошто? Одложување на пилот проектот за 2007 година<br>• Неизготвени промотивни материјали кои би биле дистрибуирани надвор од двете традиционални акци. Зошто? Потреба од поголеми финансиски капацитети. | • На Скопски саем од месец мај 2006 год. активно функционира куќичката на Црвен крст, со редовни крводарителски акции.<br>• Дистрибуција на материјали кои користат за сите постојани и потенцијални крводарители. |
| Прва помош | • Зголемен бројот на едуцирани лекари<br>• Едукација во континуитет на вработени во фирми и производствени погони<br>• Одбележан светскиот ден на ПП<br>• ПП во училишните средини преку подготовки на екипите за натпревари<br>• Меѓународни натпревари(Балкански натпревар Софија 2006 г) | • Едукативни материјали(прирачници и видео материјали) и нивна дистрибуција. Зошто? Потреба од поголеми финансиски капацитети | • Пилот проект за ПП во градинките<br>• Обука по ПП кај дел од лицата баратели на азил<br>• Вклучување на дел од обучените лекари во медицинските тимови при ЕИИ (спасителна станица Водно) |
| Здравствено превентивна дејност | • Активности за одбележување на традиционалните денови, недели, месеци утврдени според календарот на Црвениот крст на Македонија | • СОС линија за надминување на болестите на зависност. Зошто? Заради проценка и бројот на организации кои ја работат ова проблематика<br>• Изготвување современи и квалитетни материјали за здравствено-воспитна дејност. Зошто? Според проценка не се јави потреба од дополнителни материјали | • Нема |
| Млади | • Проект за обука на младински лидери "Пристап чекор по чекор";<br>• Активности за превенција од срцево - садови заболувања;<br>• Помагање на деца од социјално загрозени семејства како и реализација на новогодишните активности со истите.<br>• Покажување почит и внимание кон старите лица<br>• Подигање на свеста кај младите за ризиците од инфицирање со ХИВ/СИДА<br>• Социјализација на хендикепирани лица | • Подигање на свеста кај младите за еколошки чиста околина. Зошто? Голем број на активности реализирани во истиот период кога е планирана оваа акција.<br>• Превенција од зависности од пушење, дрога, алкохол. Зошто? Од истата причина како и за претходната активност, но и заради добра покриеност од страна на ООЦК во Скопје.<br>• Отварање на училишна санитетска служба. Зошто? Не се обезбедени финансиски средства за истата. | • Недела на борба против малигни заболувања;<br>• Хуманитарна акција "За нов дом";<br>• Хуманитарен турнир во мал фудбал;<br>• Екскурзија за 51 дете од семејствата баратели на азил;<br>• Активности со деца без родителска грижа;<br>• Хуманитарна забава;<br>• Промовирање на Клубот на млади во средни училишта факултети;<br>• Обука на млади волонтери за работа во Црвен крст; |

# Дисеминација

## Реализирани активности:

Уште од своето настанување пред повеќе од еден век Црвениот крст им пружа заштита и помош на луѓето во неволја.

Во нормалните услови, во организираното општество во коешто живее човекот тој е заштитен со законите и наоѓа потпора во својата непосредна околина. Но, постојат и ситуации, како што се на пример вооружените судири и природните катастрофи кога општеството е исфрлено од рамнотежа, кога законите се кршаат, кога човековата природна средина е претворена во хаос, а неговата сигурност, здравјето и самиот опстанок се загрозени; во такви услови Црвениот крст се залага да му помогне и да го заштити човекот.

Дисеминација претставува ширење знаења за Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, улогата и мандатот на Меѓународниот комитет на Црвен крст, Меѓународната федерација на национални друштва на Црвен крст и Црвената полумесечина и активности на национални друштва, основни принципи на Движењето, Меѓународното хуманитарно право, амблемот и хуманите вредности.

Нашата мисија е дисеминирање (ширење на знаења за Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина) и доближување на Црвениот крст до што поголем број на поединци, а преку нив и зголемување на нашите целните групи.

Графички приказ на слушатели по ООЦК на ниво на град Скопје




### ■ Дисеминација за лекари ▼

Како резултат на согледувањата директно на терен, од страна на претставниците од Општинските организации




на Црвен крст во комисијата за дисеминација на Црвен крст на град Скопје, во месец септември беше организирана дисеминациска обука за лекари. Од секоја Општина беа поканети по 5 активни лекари коишто ги поминале последните две обуки за предавачи за прва помош. Вкупна бројка на лекари, претставници од ООЦК изнесуваше 23.

Обуката всушност претставува и пилот фаза за во иднина, во која целна група би биле лекари во Скопје. ■

### ■ Дисеминација за членови на ЕИИ ▼

Во месец септември волонтери на Црвен крст на град Скопје ја поминаа двочасовната обука за дисеминација. Акцентот беше ставен на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина, Женевските конвенции, принципи на Црвениот крст како и структурната поставеност на Црвениот крст на Р.Македонија. Обуката претставува почеток на нивната обука бидејќи им следеше обука на тема вода и санитација. Дел од оспособените волонтери ќе станат дел од тимот за вода и санитација на Единица за Итни Интервенции при Црвен крст на Р.Македонија, а дел од нив нивни замени. ■

### ■ Дисеминација за ученици ▼

Редовните дисеминациски сесии од страна на одговорниот дисеминатор на територија на градот редовно се реализираа и во текот на минатата година. Овој дел е поддржан од страна на Црвен крст на Р.Македонија. ■

### ■ Дисеминација за студенти ▼

Црвен крст на град Скопје, традиционално, во рамките на теренска настава по предметот Социјална медицина спроведува дисеминациска обука на студентите од Медицински и Стоматолошки факултет. Така и оваа година во месец декември беа направени мини работилници за



студентите како и посета на хуманитарниот дом Даре Џамбаз и просториите на Црвен крст на град Скопје. Вкупната бројка на студентите коишто ја поминале дисеминациската сесија изнесува 348 студенти распоредени во 9 групи. Главна цел на обуката е ширење на знаења за Црвен крст (дисеминација) како и промовирање на активностите со цел идно вклучување на нови волонтери во редови на организацијата. ■

### ПРИДОБИВКИ:

Похумано дејствување од страна на луѓето како и почитување на хуманитарните принципи во практика; Почитување на амблемот; Зацврстување на идентитетот на Движењето; Зајакнување на сликата на Националното друштво кое би било поатрактивно за домашните и надворешни партнери ■

# Црвен крст во акција - Промоција на хумани вредности (Дисеминација)

**Инициран од страна на Норвешки Црвен крст во 1996 година, а поддржан од страна на Меѓународниот Комитет на Црвен крст како и Биро за развој на образование, проектот е спроведуван од страна на Црвен крст на Република Мекедонија, а за имплементатор се јавува Црвен крст на град Скопје.**

ЦКА-ПХВ е проект кој веќе 10 години активно работи на зголемување на интеретничката комуникација помеѓу младите во Република Македонија. Истото се постигнува преку промовирање на културата како систем од вредности, запознавање на другите култури и животните вредности, соочување со различностите на културите на луѓето со коишто живееме како и едуцирање на младите на полето на комуникацијата, комуникациските техники, толеранцијата и Женевските конвенции, како и задачите, принципите и мисијата на Црвениот крст.

Дел од спроведените активности оваа година беа и пет редовни работилници(три во минатогодишниот и две од овогодинашниот училишен циклус), од кои една беше пилот работилница за работа со ООЦК. Поради одличната евалуација на оваа работилница, заради евалуација на полето на дисеминација во Р.Македонија, како и поради потребата за отварање на ПХВ за сите ООЦК, беше направена промена на проектот при што тој беше трансформиран во една дисеминациска алатка. Проектот е поддржан од страна на извршен одбор на Црвен крст на Р.Македонија и станува задолжител како алатка за дисеминација со млади во секоја ООЦК. Па така, со почетокот на новата учебна 2006/2007 год. во програмата за прв пат беа вклучени сите општински организации на Црвен Крст на територијата на Република Македонија и на овој начин таа стана отворена за сите средношколци од сите средни училишта во земјата.





Втора важна активност во изминатата година беше одржувањето на Финалната работилница во текот на почетокот на месец мај, каде најактивните младинци, кои воедно изработиле и најдобри проекти во текот на изминатата година, имаа можност повторно да се сретнат и да поминат четири дена заедно учејќи и забавувајќи се. Од финална работилница беа избрани четворица претставници за летниот камп Пријателство без граници.

Почнувајќи од втората половина на 2007 година проектот ЦКА-ПХВ на заинтересираност на Црвен крст Србија со поддршка на МКЦК стана пилот проект во нивниот дел на дисеминација. Во рамките на овој пилот проект во Србија беа одржани седум нагледни часови во дисеминационите центри во Краљево, Ужице, Крагујевац, Сомбор, Белград, Зајечар и Ниш и на сите нив присуствуваа вкупно 140 младинци, волонтери на Црвениот крст на Србија. По пет младинци од секој дисеминациски центар беа избрани да присуствуваат на првата пилот работилница во Р. Србија, која се одржа во Дивљане од 10 до 12 Ноември 2006год. Во тек е изработка на проктите за добробит на заедницата по што ќе се прави селекција и избраните младинци ќе бидаат обучуваани за ко-инструктори во нивното Национално друштво. ■

### Придобивки

ЦКА-ПХВ програмата претставува начин за привлекување и задржување на волонтерите, овозможува дисеминациски тренинг за волонтерите, зајакнување на внатрешната структура на Црвен крст, активирање на младите во Општинските организации, овозможува градење и подобрување на имиџот на ЦК помеѓу младите, дисеминаторите и општата популација.

Во текот на ова негово десетгодишно постоење во негови рамки биле одржани 70 редовни работилници на коишто присуствувале 2900 ученици и 520 професори од 84 средни училишта од вкупно 89 средни училишта во Р.М., како и преку 155 претставници од Црвениот Крст од територијата на цела Р. Македонија

За Националното друштво тој претставува интерактивна алатка преку која се поврзува дисеминацијата со хуманитарната пракса, Црвениот крст со училиштата / волонтерите младинци и бараното знаење со акција во реалниот живот.

За младите пак ова е шанса да направат нешто, да ја сменат или подобрат средината во којашто живеат, притоа изградувајќи се и развивајќи се себе си како зрели и одговорни личности.

За учебна 2006/2007 година, преку новиот модел на ширење на програмата, се очекува 1200 младинци да ја поминат обуката и да изготват околу 200 проекти (во просек група од 5 младинци ќе изготвува еден проект).



# Подготвеност и дејствување при катастрофи



## ЕДИНИЦА ЗА ОДГОВОР ПРИ КАТАСТРОФИ

Тимовите на единицата за одговор при катастрофи мора постојано да ја одржуваат својата кондиција и да оспособуваат нови членови кои ќе значат "трансфузија на свежа и млада крв", односно тимовите да се надополнуваат со млади оспособени кадри. Освежувањето на тимовите беше постојана активност на Црвениот крст на град Скопје.

Тренинг семинарите, оспособување на тимовите, оддржување на кондиција, регрутирање на млади кадри како и резерви се со цел истата да биде подготвена за ефикасно и брзо дејствување при катастрофите.

Во оваа насока се реализираа следните активности:

- Тимот за безбедност на планина двапати организира Тренинг семинар во зимски услови на Попова Шапка. Учесниците на семинарот вежбаа скијање, транспорт на повредени со ски чамец, движење во планина во зимски услови, ориентација, лавинологија, спасување во лавина, сидришта во снег, копање бивок, хипотермија и изгореници, картографија, спуштање на маринер низ кулуар и сл.

- За потребите на Тимот за безбедност на вода беше организиран седум дневен курс за спасители. Курсот се реализираше преку теоретски и практичен дел. Колку од сето тоа тие теоретски и практично совладаа покажаа на завршниот испит. Од 18 учесници, 14 положија за спасители, тројца за помлади спасители, а само еден беше квалификуван за постар спасител.

- Во организација на Црвениот крст на Македонија во Центарот за едукација на кадри и рекреација во Струга, се организира Тренинг семинар за членовите на Единицата и нејзиниот резервен состав. Учесниците на семинарот имаа можност да се запознаат со: Историјатот, принципите, компонентите на Движењето, структурата и задачите на Црвениот крст на Р. Македонија, катастрофите и како да се заштитиме од нив, проценка, пред, за време и по катастрофите и како да се заштитат од нив, Проектот СФЕРА, мотористика, подигање на камп, менаџмент и планирање, психолошка поддршка, птичји грип и прва помош.

Тимот за безбедност на вода, покрај овие предавања работеше и по посебна Агенда за безбедност на вода. Обуката се состоеше од теоретски и практичен дел.

- На Тренинг семинарот за вода и санитација, што го организираше Црвениот крст на Македонија во Струга

учествуваа 12 наши волонтери и дел од Тимот за логистика.

- Во периодот од 22 до25.12.2006 год. во планинарскиот дом "Вртелешка" на планината Плачковица, Црвениот крст на Македонија организираше обука за спасители на планина. На оваа обука учествуваше Тимот за спасување на планина со 2 члена резерва, дел од тимот за логистика и командирот на медицинскиот тим.

- Тимовите по посебни програми преку Тренинг активности, постојано ги освежуваа знаењата и ја одржуваа кондицијата.

Членовите на Единицата, минатата 2006 година успешно го поминаа основниот курс по прва помош. Со цел да се продлабочат и прошират знаењата по прва помош добиени од основниот курс, оваа година го поминаа и триесет часовниот курс. Овој пат понагласен беше практичниот дел со цел да се оспособат за тријажа, укажување на прва помош и транспорт на повредените при масовни катастрофи.

Членовите на Единицата успешно го проследија и курсот за противпожарна заштита, организиран во Центарот Даре Бомбол на Водно.

Единицата за одговор при катастрофи учествуваше и на вежбата МИРОТВОРЕЦ 2006 во Кавадарци.

Четворица членови на Тимот за спасување на планина од Единицата во рамките на своите активности и кондициони тренинзи, на 8.08.2006 год го искачија највисокиот врв на Европа - Монт Блан.

Голем број на масовни манифестации беа обезбедувани од медицинскиот тим и тимот за спасување на планина.

Тимот за логистика во Центарот Даре Бомбол под шатори, организира еднодневен тренинг за користење на полската кујна. На тренингот учествуваа сите членови на Единицата, за кои беше подготвен ручек во полската кујна. Додека се подготвуваше ручекот, се организира акција за чистење на кругот на Центарот.

Членовите на Единицата, посебно Тимот за логистика, секогаш беа меѓу првите при поплави, пожари и сл., правеа проценка и дистрибуираа хуманитарна помош.

### Придобивки

Единицата е оспособена за дејствување во случај на катастрофи, укажување на помош на граѓани погодени од разни катастрофи, подигнување на имиџот на Организацијата, подигање на свеста кај јавноста и јавна едукација.





## СПАСИТЕЛНА СТАНИЦА НА ВОДНО

Спасителната станица на Водно, прва и единствена во Република Македонија и во текот на 2006 год. се покажа како многу важен елемент во развивањето на програмите каде Црвениот крст едноставно е доближен до секојдневието на граѓаните. Граѓаните постојано упатуваа благодарност до ЦК на град Скопје за пријатното и безбедно престојување на планината Водно, благодарение на спасителната станица Водно.

Преку целата година, за време на викендите и празниците имаше организирани дежурства од членови на тимот за спасување на планина и од медицинскиот тим. Од нивните извештаи може да се види дека во извештајниот период направени се повеќе интервенции на повреди од различен вид, а потешко повредените се транспортирани во најблиските здравствени установи. Делегацијата од Црвениот крст на Аинбек, донатор на станицата имаше можност да проследи нагледна вежба организирана во непосредна близина на спасителната станица.

### Придобивки

Укажана прва помош на вкупно 58 граѓани, излетници, а потешко повредените се пренесени до најблиска здравствена установа; организирани потраги по исчезнати лица, едукација на излетници, маркирање на патеки и совети за ориентација на планина; вршење на дисеминација со знаковите, подигање на имиџот на Организацијата.



# СОЦИЈАЛНО-ХУМАНИТАРНИ АКТИВНОСТИ



**Црвениот крст на град Скопје и во текот на 2006 г продолжи активно да дава свој придонес во подобрување на квалитетот и транспарентноста во реализирањето на социјално-хуманитарните активности и зајакнувањето на капацитетите на организацијата за соодветно интервенирање во ублажување или надминување на социјалните потреби на граѓаните.**

На овој план, се даваше непосредна помош на општинските организации на Црвен крст во планирање и реализирање на активностите, со препорака приоритетите на делување да се дефинираат врз основа на претходно направена анализа на хуманитарната средина. Посебно, координативната улога дојде до израз во одбележувањето на традиционалните активности според Календарот на Црвениот крст на Република Македонија.

Соработката со невладини и државни органи беше на завидно ниво. Ова година, соработката со Секторот за јавни односи на град Скопје беше интензивирана.

Квалитетот и транспарентноста во работењето допринесе за зголемување на бројот на донатори, меѓу кои: Црвен крст Аинбек, Јоханитер, Нинберг - Германија, Културно-хуманитарна организација ЕНСАР, АРМ, COLGATE-PALMO-LIVE, Адрија, Т- МОБИЛЕ и др.

Активностите по повод одбележување на 16 Октомври, Денот на глата, се реализираа преку општинските организации . Оваа година, во организација на младите на Црвениот крст се организира и централна манифестација. И оваа година не можеме да бидеме задоволни од реализираните активности на ООЦК.

Продолжија активностите за дистрибуција на хуманитарна помош на времено раселените лица и хуманитарно згрижените лица.

Црвен крст на град Скопје во соработка со Фондацијата Т-мобиле, по повод новогодишните празници организираше новогодишни претстави за децата со посебни потреби, деца од семејства - баратели на азил како и за децата од социјално загрозените семејства. Со оваа Програма се опфатија 284 деца.





**Придобивките** од реализираните социјално- хуманитарни активност се следни: зголемен капацитет на Организацијата да одговори на одредени потреби на ранливото население во ублажување на социјалните проблеми, како и на одредени потреби на институциите на државата; подигнат е имиџот на Организацијата и голем број на млади лица се ангажирани во планирање и реализирање на социјално-хуманитарните активности.

| Кумулативно дистрибутирана хуманитарна помош за 2006 година | |
|---|---|
| ќебиња | 1.076 ком. |
| вреќи за спиење | 250 ком. |
| јакни | 310 ком. |
| душеци | 50 ком. |
| стара облека | 150 пакети |
| беби пакети | 10 пакети |
| хигиенски комплети | 138 ком. |
| кофи за хигиена | 280 ком. |
| течен сапун | 34 пакети |
| храна пакети | 2176 пакети |
| сетови за кујна | 50 ком. |
| четки за заби "Colgate" | 1250 ком. |
| зачин | 1900 кг |
| чај | 500 кг |
| компјутери | 43 ком. |

# АКТИВНОСТИ НА МЛАДИТЕ

**Главна цел на младите на Црвен крст во 2006 беше промовирање на хуманите вредности и подигање на имицот на Црвениот крст кај младата популација.**

Тие ја постигнуваа целта преку реализација на следните активности:

- Во периодот од 02-04.02.2006 год. се одржа Тренинг курс за обука на младински лидери во Црвен крст на Р. Македонија. Тренингот го завршија 17 младинци -лидери кои ќе можат да вршат обука на други волонтери и да ги мотивираат за работа во Црвен крст.

- По повод Недела на борба против срцевосадови заболувања, која траеше од 21-28 Февруари, Цвениот крст на град Скопје во соработка со Кардиохирургија "Филип II" реализираа низа активности за едукација на младите, но и на пошироката популација за здрав начин на живот како превенција од срцево-садови заболувања. Тие под мотото "Го сакам својот живот онолку колку што квалитетно живеам" организираа работилница за младите и кампања на плоштад Македонија, а во списанието "ТЕА Модерна" излезе памфлета со совети за здрав начин на живот.

- По повод Недела на борба против малигните заболувања на 07 ми Март 2006 год. младите на Црвениот крст на град Скопје во соработка со Здружението на жени оперирани од рак на дојката "Животна искра" посетија 100 пациентки на Клиниката за хирургија и Клиниката за онкологија, им подарија по една ружа во чест на празникот на жената 8ми Март, а воедно им пружија и психолошка поддршка.

- Со цел да им се помогне на младите без родители во започнувањето на новиот самостоен живот откако ќе го напуштат домот за деца без родители "11 Октомври" Младите на Црвениот крст на град Скопје во соработка со Американското училиште "Нова" организираа Хуманитарна акција "За нов дом" за собирање на покуќнина за опремување на домовите на овие млади. Резултатите покажаа дека Скопје има голем број на хумани граѓани кои донираа најразлични предмети како мебел, апарати за домаќинство, телевизори, прибори, сетови за јадење, постелнина и др. Со дел од оваа покуќнина беше комплетно опремен еден стан кој Министерството за труд и социјална политика го даде на користење на тројцата младинци. Овие младинци заедно со нивните другари и учениците од училиштето "Нова" се дружеа и работеа на уредување и чистење на покуќнината во станот. Останатата собрана покуќнина беше донирана во уште четири станови на млади без родители преку Здружението за деца без родители и родителска грижа "Иднина".

■ По повод Неделата на Црвениот крст и Црвената полумесечина, тим од Млади на Црвениот крст се подготвуваа и ги реализираа следните активности:

- 08 Мај, Светскиот ден на Црвен крст и Црвената полумесечина младите го одбележаа со спроведување на активности на плоштадот Македонија каде беше поставен штанд на кој младинци, волонтери на Црвениот крст зборуваа за работата и мисијата на Црвениот крст, а воедно на граѓаните им се делеше пропаганден материјал, беџови и балони со знакот на Црвен крст.

- На 12 Мај Младите како резултат на добрата претходна соработка го посетија Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост Порака и заеднички со корисниците на центарот поминаа два часа во изработување на цртежи со знаците на Црвен крст и Порака. Тие изработуваа и накит и разни други предмети од глина. Накитот го продадоа и заработија 2 000,00 ден. кои ги наменија за лицата од Порака.

- На 21 Март во "Паркот на толеранција" се одржа манифестацијата "Сите наши деца се борци" за деца со хендикеп, во организација на кабинетот на Претседателот на Р. Македонија. Црвениот крст на град Скопје учествуваше во дел од организацијата каде 35 Младинци





обележани со знакот на Црвен крст беа ангажирани во најразлични активности за помош на децата со хендикеп. Двајца младинци од училиштето "Нова" ја водеа програмата, а 7 младинци кои го сочинуваат тимот за Прва Помош и 2 доктори од ЕИИ беа присутни и подготвени да помогнат доколку се појави потреба за тоа, а воедно помагаа и на другите младинци околу нивните активности.

На 07.11.2006 год. се одржа вонредна конститутивна седница на Собранието на Младите на Црвен крст на град Скопје на која беше избран Претседател и Извршен одбор на млади со мандат од 2 години.

- Учество на Младинска конференција на Црвен крст Сараево и на Летен камп за деца без родители и родителска грижа и за деца со хендикеп во Швајцарија.

За Денот на гладта (16-20.10.2006) беа организирани низа активности. Беше организирана креативна работилница за изработка на украсни саксии кои се продаваа на Централната манифестација која се реализираше во ГТЦ на 18 Октомври. На штандовите во трговскиот младите продаваа шољи и украсни саксии. На акцијата се придружија и активистки на СОЖМ кои продаваа свежо подготвена храна, како и ученици од гимназијата НОВА. Учениците учествуваа во сите активности, а воедно во текот на целата недела тие имаа акција во училиштето каде се собираше храна. Од собраните пари и храна беа подготвени 10 пакети со хигиенски средства и прехрамбени продукти кои се дистрибуираа на 10 социјално загрозени семејства преку ООЦК.

# КЛУБ НА МЛАДИ НА ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ



**Клубот на млади на Црвен крст на град Скопје формиран кон крајот на 2005 година, во изминатата 2006 година зема силен замав реализирајќи голем број активности. Особен удел за успешно помината година имаше Стопанска банка А.Д која ја финансираше целокупната програма за 2006, како и Меѓународниот комитет на Црвен крст - Делегација Скопје кој преку финансирање на проектот Обука на млади волонтери за работа во Црвен крст придонесе за зголемување на бројот на волонтери и нивна обука за работа во Црвен крст.**

Релизирани активности од Програмата на Клубот на млади за 2006

- "ПРЕКУ СПОРТ ДО ПОДОБРО УТРЕ" е мотото кое ги следеше младите во текот на Хуманитарниот турнир во мал фудбал. Во периодот од 07-11 Јуни, во спортската сала Расадник средношколци играа фудбал за хумани цели и собраа 18 430,00 ден. Меѓу другото целта на настанот беше дружење и уривање на бариерите и стереотипите на младите од различна етничка припадност. Свој придонес во реализација на активоста имаше и Агенцијата за обезбедување на имот и лица "Пантер Примус".
- На 01 Октомври во Рекреативниот центар Сарај младите реализираа Екскурзија за 51 дете од семејствата баратели на азил во Р. Македонија. На екскурзијата волонтерите ги водеа децата низ повеќе натпреварувачки игри, а по ручекот следуваше играта "Скриено богатство" во која децата преку мапа и одредени траги со ребуси се обидуваа да стигнат до богатството кое ги чекаше скриено под едно дрво. На крајот следеше и размена на впечатоци од денот помеѓу младите на Црвен крст и децата што покажа дека овој ден беше одлична можност за дружење, рекреација и социјализација на децата, но и поттик за понатамошна работа со овие деца како ранлива целна група со многу незадоволени потреби.
- Во текот на ноември и декември младите организираа повеќе работилници за 25 деца од Домот за деца без родители и родителска грижа "11 Октомври". Имено интензивното нивно дружење резултира со изработка на украсни свеќи кои се продаваа на Новогодишниот панаѓур на Саем, а со собраните средства, младите на Црвен крст заедно со децата од домот беа на пица во ТЦ Рамстор, што воедно беше и желба на дечињата. Во самата организација беше вклучена и посетата на "Action park" на Саем што доведе за уште поголема соработка меѓу децата и младинците и нивно меѓусебно незаборавно дружење. Некои од децата од домот веќе активно се вклучуваат и во акциите на Клубот на млади како волонтери на Црвен крст, што е од особена важност бидејќи тоа и беше една од главните цели на сите активности.
- Со цел да им се укаже внимание, да се анимираат, да им се поделат прехрамбени продукти на ден 23 Ноември младинците на Црвен крст на град Скопје го посетија домот за стари лица "Мајка Тереза". На големо меѓусебно задоволство следеше уште една средба на 15 Декември кога младите организираа за овие лица предновогодишна забава. На забавата заедно ја китеа новогодишната елка, а пријатната атмосфера кулминира со заедничко дружење, засладување со парче торта и подарување по едно симболично новогодишно поклонче за сите корисници во домот. За убавата атмосфера допринесе и Фондацијата Т-Мобиле за Македонија. Тие го обезбедија присуството на Игор Узунов од М2 Продукција кој со






своите песни ги разнежни срцата на старите од домот.
- Клубот на Млади на Црвен крст на град Скопје на 30 Ноември 2006 год. организираа голема Хуманитарна забава во ноќниот клуб "Папаја" на која присуствуваа преку 400 волонтери на Црвениот крст и нивни пријатели. Во добра атмосфера, со добра забава младите собраа 16 900,00 ден. со кои купија телевизор, ДВД, цртани филмови, слагалици и книги за Интернатот за деца без родителска грижа "Гоце Делчев" во с. Љубанци.
- Соработката со ЦПЛИП "Порака" продолжи и со акцијата "Дедо Мраз во сите нас" во чии рамки младите на Црвен крст заедно со лица со интелектуална попреченост изработија 160 новогодишни честитки и ги продаваа истите на новогодишниот панаѓур на Скопски саем. Од продажбата собраа 4 020,00 ден. кои ќе бидат наменети за овие лица.
- И оваа година во новогодишна атмосфера, а со цел да им посвети внимание на дечиња од социјално загрозени семејства, младите организираа собирна акција "Млади за млади" во супермаркетот ВЕРО во Чаир. Тие собираа пари, бомбони, чоколади и се што може да содржи едно новогодишно пакетче. Нивната хумана иницијатива резултираше со собрани 12 050,00 ден. и неколку пакети со производи. По акцијата, младите во изготвување на пакетчињата беа подржани и од УНИ-СТИЛ Компани со донирање на производи од кои беа направени поголем дел од вкупно 120-те богати новогодишни пакетчиња за деца од селата Шишево и Матка.

Останатите пари, како и дел од парите кои младите ги собраа од Хуманитарниот турнир во мал фудбал, беа искористени за купување на телевизор, ДВД и цртани филмови за Детската клиника во Козле.

- Во текот на октомври и ноември беше реализиран проектот "Обука на млади волонтери за работа во Црвен Крст". Во рамките на проектот беше направена промоција на Клубот на млади преку презентации, делење на флаери и истакнување на плакати во средни училишта, факултети и на јавни места која резултираше со 40 нови волонтери. По промоцијата следеше и работилница на која 42 волонтери добија обука за работа во Црвениот крст. Проектот беше поддржан од Меѓународниот комитет на Црвен крст - Делегација Скопје.

## Придобивки

- 40 нови волонтери за работа во Црвен крст и нивно задржување преку разни начини на мотивирција;

- 42 Обучени млади за планирање и реализација на мали проекти/активности преку работилници, добар дел од нив и преку On the job тренинзи во канцеларијата на млади на Црвен крст на град Скопје;









Присутност на младите на терен и во активности организирани во рамките на др. оддели на Црвен крст на град Скопје и на Црвен крст на Р. Македонија како и активности организирани од страна на други организации во Скопје;

- Собрани вкупно 53 400,00 ден. со кои им се пружило внимание или им се помогнало на околу 200 деца кои спаѓаат во ранливи групи на население, 100 стари лица и околу 30 лица со интелектуална попреченост;

- Околу 40 млади едуцирани за превенција од срцевосадови заболувања

- Околу 400 млади информирани за превенција од ХИВ/СИДА и сексуално преносливи болести;

- Комплетно опремен еден трособен стан за млади без родители и родителска грижа, и уште 4 стана делумно опремени.

- Зачленување на 3 млади без родители и родителска грижа (маргинализирана група) во Клубот на млади и нивно активно вклучување во реализација на активности.

- Одржување на добра соработка со Невладина организација ЦИПЛИП Порака, Меѓународни училишта "Нова", Дом за деца без родители и родителска грижа "11 Октомври".

- Присутност во медиумите при секоја реализирана акција.

# Пријателство без граници




**Од 1996 година Норвешкиот Црвен крст работеше на изградба на мирот и разрешувањето на конфликтите насекаде во Југославија. Активностите ги спроведуваше преку програмата промоција на хуманитарните вредности каде што еден од најважните елементи е изградба на толеранцијата и разбирањето помеѓу различни етнички групи. Оваа програма, или барем дел од неа, е усвоена и адаптирана според потребите од страна на секое Национално друштво и е поврзана со различни активности на Националните друштво и е дел од нивните годишни акциони планови.**

## Главна цел:

Зајакнување на мрежата на младите во Црвениот крст со промовирање на вредностите на Црвениот крст и младинските програми во регионот; Промовирање на толеранција, разбирањето и почитта кон различноста; Изградба на цврста мрежа на пријателство преку границите; Мотивирање на учесниците да бидат активни во Општинските Организации на Црвениот крст

Ова е 9-та година како што се одржуваат кампoвите, кои претходните години беа организирани во следниве земји:

- Норвешка (1998 и 2002)
- Македонија (1999, 2000 и 2005, 2006)
- Босна и Херцеговина (2001)
- Србија и Црна Гора (2003 и 2004)

На летниот камп кој се оддржа во Струга, Македонија во месец август, му претходеше една подготвителна работилница којашто се оддржа во Сараево на која беа договорени број на учесници, темите, предавачите.

## Целна група:

Секоја од групите учеснички: Норвешката, Босанската, Македонската, Српската, Црногорската и Косовската, испратија одреден број на учесници од локалните општински организации на Црвениот крст.

## Учесници од Македонија:

Од Црвениот крст на Р.Македонија на кампот претставниците беа избрани на два начина. Преку ЦКА-ПХВ проектот и преку ООЦК. Од 200 учесници коишто биле присутни на редовни работилници на ПХВ, циклус 2005/2006 избрани се 40 кои присуствуваа на финална работилница и од нив се избрани 4 заради својата ангажираност и познавање на англиски јазик.

Во исто време сите ООЦК примија покана за учество на летниот камп на којшто можеше да аплицира секој кој ги исполнува следниве критериуми (исти критериуми важеа за сите земји): возраст од 16-21 година, одлично познавање на англиски јазик и активен член на Црвен крст. Примени се десет апликации, на интервју беа повикани шест и на крај одбрани тројца претставници. Во координативната група покрај Александра Ристовски ,којашто е веќе осум години вклучена во проектот, ова година зедоа учество и Ивана Маринчек-ПХВ асистент и Владимир Вукелиќ-координатор на млади на Црвениот крст на Р. Македонија.

**Темите на кампот:**

Оваа година темите на кампот беа повеќе фокусирани на вредностите во Црвениот крст коишто беа обработени преку следни предавања и презентации:

- Истражување на Меѓународно хуманитарно право;
- Култура како систем од вредности;
- Црвен крст и медиуми;
- Презентирање на младинските активности во регионот
- Презентирање на НД во регионот
- Презентирање на земјата

На кампот беше применета различна методологија, со цел постигнатите резултати да бидат повидливи и истите да можат да се измерат: групна работа, дискусии, предавања, драмска изведба и сценарија.

Горан Момировски од Меѓународен комитет на Црвен крст ја водеше сесијата Црвен крст и медиуми во која учесниците поделени во групи има поставено сценарио и во однос на истото требаше да подготват прес конференција на којашто требаше да го бранат боите на Црвениот крст

Во делот обука за Првата помош Д-р Огнен одржа презентација и кратка обука којашто беше проследена со вежба од страна на екипата за Прва помош при Црвен крст на град Скопје.



Психологот Ема Стојменова ја водеше сесијата за културата којашто претходеше со филмот Мојата голема грчка свадба. Денот продолжи со вежба племиња и презентација на тело карта каде секој учесник имаше можност да се презентира пред целата група подетално.

Еден ден беше резервиран за Меѓународно хуманитарно право во изведба на Норвешки Црвен крст. Младите од оваа НД имаат развиено цела вежба каде што учесниците се делат во две групи и меѓусебно војуваат. Потоа разговараат и ги воочуваат грешките направени со прекршување на Меѓународно хуманитарно право.

**Ветувања:**

На крајот на камот учесниците дадоа свои лични и национални ветувања за добробит за заедницата во којашто живееат преку Црвениот крст. Националните заеднички се изработуваа во националните групи и сите беа презентирани пред останатите земји и истите ќе бидат следени и поддржувани од страна на претставници од Нивно национално друштво.

**ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СОРАБОТКА СО ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ И НАРЕДНА ГОДИНА КЕ БИДАТ ДОМАЌИНИ НА ЈУБИЛЕЈНИОТ 10-ти ПО РЕД КАМП ПРИЈАТЕЛСТВО БЕЗ ГРАНИЦИ.**

# Проект: "Ти во мојот свет"

**Во рамките на проектот Црвен крст во акција-Промоција на хумани вредности, покрај останатите теми се работи и на темата култура како систем од вредности. Се користи интерактивен пристап, каде секој има можност да го каже своето мислење според својата досегашна едукација, потекло и домашно воспитување. Заради зголемен број на конфликти помеѓу соучениците од различна етничка националност, од страна на средното училиште "Владо Тасевски" се појави заинтересираност за соработка со Црвен крст токму на оваа тема.**

Обид за заедничка работа на ученици од различни етнички заедници преку групната работа и преку вежби во кои соучениците се ставени во улога на проблем, односно директно судрени со проблемот, претставува и главна цел на проектот.

Пилот фазата на работилницата на тема култура како систем од вредности се реализираше во текот на месец ноември во самото училиште. На работилницата и претходеа вежби за меѓусебно запознавање, нивните очекувања како и нашите цели. Учениците беа поделени во 4 мешани групи и имаа за задача во рок од 25 минути да создадаат своја сопствена култура во рамките на групата (да се договораат за името, племенски звук, позитивни и негативни карактерсистики на племето...) Потоа следеше презентација. Во еден момент во вежбата влегува господар на универзумот и им кажува дека доколку не успеат да се договорат да ги прифатат вредностите на само едно племе, планетата ќе биде уништена, со тоа што компромиси не се дозволени. Учениците и на оваа работилница не успејаа да се договорат бидејќи секој го бранеше своето (како што кажаа и самите вежбата има големи сличности со реалниот живот).

Потоа следуваше вежбата санта мраз во којашто самата култура е претставена како санта мраз (30% од културата се гледа, а 70% се под површината на земјата). Целта беше да се поврзе во културата она што се гледа и она што не се гледа, а се во меѓусебна корелација пример: начин на облекување, што е горе и што се гледа е религија, што е доле и што не се гледа на прв поглед. Вежбите го провоцираат вредносниот слој кај секој ученик и во одреден момент секој се прашува дали мојата култура е подобра од некоја друга или пак сето она што се случува е заради недоволно познавање на различности околку нас. Со запознавање секој одбира дали некој друг ќе пушти во својот свет.



**Придобивки:** Меѓусебно запознавање, запознавање со културата како систем од вредности, намалување на кофликите во само училиште и добро поминато време на работилницата.

# Прва помош

**Во текот на целата 2006 година активностите на полето на Првата помош се одвиваа во насока на нејзино имлементирање во повеќе сфери во општественото опкружување како и приближување на истата.**

Со несебична помош на лекарите волонтери во Црвен крст на град Скопје, беа постигнати резултати кои зборуваат за една мошне успешна и плодотворна година на полето на ширењето на знаењата за ПП во повеќе средини и кај голем број слушатели од различни профили со што ја имплементиравме ПП како важен сегмант во секојдневието.

- Традиционално, Црвен крст на град Скопје го организира курсот по ПП за лекари,предавачи и испитувачи по ПП кои потоа се активни во нивните ООЦК и кои помагаат во имплементирање на ПП на повеќе полиња. Оваа година на 14.04.2006 во просториите на домот "Даре Џамбаз" се одржа овој курс за 23 млади лекари кои доаѓаа од ООЦК од територијата на град Скопје. Стекнатите знаења и практична работа мотивираа за нивно активно вклучување во Црвениот крст, а дел од овие лекари активно се вклучија и во медицинскиот тим на планинско спаителната станица на Водно, како дел од ЕИИ при Црвен крст на град Скопје.

- За оваа година посебно би го издвоиле и интересот на одредени фирми, компании, институции кои се заложија нивните вработени активно да партиципираат на обуката по ПП која ја организира Црвен крст на град Скопје. Уште на почетокот на годината интерес за обука по ПП покажаа вработените во Американското училиште QSI, за кои беше организирана обука во две сесии- на македонски и англиски јазик.Обуката која се состоеше од теоретски и практичен дел ја поминаа 38 вработени.



- Во периодот Март-Мај 2006 год., во неколку групи, обука по ПП проследија 25 вработени од производните погони на Пивара, а.д. Скопје.

- Во месец Септември 2006 год. обука по ПП беше организирани и за 50 вработени во Прокредит банка, од сите филијали низ Р. Македонија.

- Пилот проект со Агро центарот за едукација со обука по прва помош беше реализиран текот на месец Октомври, а во Ноември обука по ПП поминаа работници од две градежни фирми кои заминуваат на работа во странство.

- Црвен крст на град Скопје, за членовите на тимот за итни интервенции во периодот Мај-Јуни 2006 организираше 30 часовен курс по ПП кој се состоеше од теоретски и практичен дел и кој наиде на одлични реакции кај слушателите.

По повод Светскиот ден на првата помош на 12.09.2006 год.,Црвен крст на град Скопје во соработка со 5-те општински организации под мотото Спасете живот без дискриминација Бидете волонтери на Црвениот крст. ја организираше и координираше централната манифестација на 12.09.2006 год. на градскиот плоштад "Македонија".

- Во склоп на планираните и реализираните активности по повод одбележувањето на Светскиот ден на Првата помош, 9-ти Септември, беше и презентацијата за Првата помош, наменета за најмладите. На 11-ти Септември, градинката Срничка, поточно клонот Лале, во населбата Аеродром беше домаќин на презентацијата, а слушатели 33 деца од Нултата група, на возраст од 5-6 години.

- На 14-ти Септември, во РОШ Центарот, општина Шуто Оризари, во организација на Црвен крст на град Скопје, во склоп на проектот за Помош во здравство и логистичка асистенција на бегалците во Македонија, беше одржан Курс по Прва помош за бегалци и баратели на азил. На овој начин се одбележа Светскиот ден на првата помош и во оваа популација на корисници на услугите на Црвениот крст. Курсот го посетија 27 лица.

Подготовките за Балканскиот натпревар по ПП се одвиваше со континуирана едукација и вежби кои градската екипа ги имаше до самото поаѓање на натпреварот што вклучува: теоретски дел за Првата Помош, практична изведба на супозициите кои се достапни од досегашните меѓународни натпревари, учество на семинари , учество на натпревари во текот на целата година на сите нивоа вон конкуренција, одржување на физичката кондиција со кондициони тренинзи.Дружење, натпревар, размена на идеи и искуства, соработка и презентација на работата на



градските организации на Црвен крст на главните градови на земјите учеснички - тоа беа главните обележја на Балканскиот натпревар по ПП "Софија 2006". Оваа година тој се одржа од 14-17.09.2006 во местото Лозен во близина на Софија, Р. Бугарија, под мотото "Младост без граници". Учесници беа екипите по Прва помош и официјалните делегации од Скопје, Белград, Тирана, Софија, Сараево, Подгорица, Букурешт и Љубљана.

Во текот на 2006 год. за одбележување е активниот пристап и приближувањето на ПП кај младата популација. Таа тенденција беше реализирана преку предавања и куса обука по ПП за учесниците во рамките на меѓународниот летен камп FWB и семинарот за обука на млади волонтери за работа во Црвен крст.

## Придобивки:

Со правилната и навремена едукација во голем степен придонесовме во намалувањето на бројот на настрадани во несреќите. Ја доближивме ПП до луѓето од различна возраст и ги поттикнавме младите да се запознаат повеќе со движењето на Црвен крст, го промовиравме движењето воопшто. Во текот на целата година разменивме многу позитивни искуства со земјите во регионот и пошироко и ги отворивме можностите за реализација за нови проектни активности на полето на ПП.

Соработката со центарот по ПП во Црвен крст на РМ беше на високо ниво, а координацијата и начинот по кои се движевме при реализирање на активностите соодветсвуваа со нивните препораки и правилници за работа.

# Крводарителство

Крводарителството е сегмент од работата на Црвен крст на град Скопје чија крајна цел е негово унапредување и задоволување на потребите од крв и крвни продукти на територија на градот Скопје.

Во текот на минатата година се движевме во насока на промовирање на крводарителството и релизирање на поставените програмски активности преку повеќе активности и традиционални крводарителски акции:

• Во кругот на Скопски саем од месец мај 2006 год. активно функционира куќичката на Црвен крст на град Скопје, во која во тек на деновите кога има редовни саемски случувања се организираат крводарителски акции. Во текот на 5 Саемски случувања собрани се 65 крвни единици. Граѓаните од нашиот град поблиску се запознаа со чинот на крводарување и можеа непосредно да погледнат материјали кои користат за сите постојани и потенцијални крводарители.

• На традиционалната крводарителската акција на 26 Јули во кино "Милениум",организирана по повод одбележувањето на катастрофалниот земјотрес во Скопје, двете екипи од републичкиот завод за Трансфузиологија, во предвидениот период за времетраење на акцијата собраа 245 крвни единици.
Војниците и старешините на АРМ крв даруваа во Воената болница во Скопје, каде беа собрани 56 крвни единици. Во Градската болница во Скопје беа евидентирани уште 7 крводарувања кои се дел од акцијата.
На Акцијата крв даруваа 12 баратели на азил со привремен престој во Р. Македонија.

• Одбележувањето на денот на ослободувањето на нашиот град, Црвен крст на град Скопје од минатата година го одбележува преку хуманиот чин на крводарување. 13-то Ноемвриската крводарителска акција станува традиционална и нејзиното одржување е од големо значење за континуираност во резервите на крв и крвни продукти потребни за работа на клиниките во нашиот град.




Акцентот на годинешнава акцијата посебно го ставивме и врз промоцијата и унапредувањето на крводарувањето, мотивирањето на повеќекратните и поттик за идните крводарители.Традиционално, акцијата се одржа на 13 -ти Ноември во ТЦ "Рамстор". На акцијата беа собрани 82 крвни единици. Во тек на целиот ден младинците од ООЦК на град Скопје беа помеѓу посетителите во центарот со промотивен материјал за работата на Црвен крст и за крводарителството.

Акцијата беше посетена и од 2 групи дечиња од градинката П.Ј. Корчагин, на возраст од 4 и 6 години за кои имаше кусо предавање за крводарителството, значењето и постојаната потребата од крв и крвни продукти. Црвен крст на град Скопје за сите нив обезбеди мали боенки со симболите на Црвен крст и крводарувањето.

Во истиот ден крводарителска акција се одржа и во ЈП Водовод каде беа собрани 49 крвни единици.

Црвен крст на град Скопје, традиционално, за најуспешните во промовирање и унапредување на крводарителството за минатата год. доделува награди. Свечениот чин на наградување се случуваше во мултимедијалниот центар "Мала станица".

Наградени беа:
• г-н Илија Дамјановски -крводарител кој дарувал крв 115 пати
• Градски трговски центар -работна организација со најголемо ангажирање во областа на унапредување на крводарителството и најмногу реализирани крвни единици за 2005г. ( на 4 акции собрани 505 единици крв)
• Мотиваторите: г-н Бране Стевковски(вработен во ЈП Водовод) и г-н Љупчо Апостолов (вработен во ОКТА)
• Општинската организација на Црвен крст Центар за организација со најмногу собрани крвни единици за 2005 год. - вкупно 3652 единици (143% од планираното)
• Општинската организација на Црвен крст Карпош - организација која постигна најдобри резултати во промовирањето на крводарителството за оваа 2006 год.
За сите нив Црвен крст на град Скопје подготви пригодни награди и признанија.

## Придобивки:

По изготвувањето на интегралниот годишен план за крводарителство, во текот на целата година се работеше на реализирање на истиот. Реализирано според истиот е:

**ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ КРВОДАРУВАЊА ВО СКОПЈЕ ЗА 2006**

| рб. | ООЦК | План 2006 | Реали. 2006 | % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Центар | 2552 | 3001 | 118,00 % |
| 2 | Гази Баба | 3007 | 2949 | 98,70 % |
| 3 | К. Вода | 3600 | 1360 | 37,78 % |
| 4 | Карпош | 3824 | 1490 | 39,00 % |
| 5 | Чаир | 2700 | 1722 | 63,75 % |

Вкупно: 10 522 (од планирани 15 683) или 67% од планираното.

Со сите реализирани акции го одрживме континуитетот во снабдувањето со крв на клиниките во нашиот град, ги запознавме граѓаните со чинот на крводарување, бевме присутни на поголемите саемски случувања и во средини каде има голем проток на луѓе.



# ЗДРАВСТВЕНО ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ

**Целта на здравствено превентивната дејност на Црвениот крст на град Скопје е ширење на свесноста кај целокупното население за потребите од промена во начинот на живеење со цел за превенција на болести и унапредување на здравствената состојба кај луѓето.**

Во делот од активностите на здравствено превентивната дејност, Црвениот крст на град Скопје, во минатата 2006 година, ги реализираше следниве активности:

Во периодот од 06- 08.10.2006 год. во Центарот за рекреација и едукација на кадри во Струга беше одржан семинар со акцент на стресот како состојба која е присутна во секојдневниот живот. Целна група беа вработените во ООЦК и градската организација на Црвен крст.

На 14, 21 и 29.09.2006 реализирани се предавања на тема Едукација на ранливите групи за Туберкулоза, наменети за бегалци и баратели на азил во Македонија. Предавањата се одржаа во РОШ центарот во Шуто Оризари. Во рамките на проектот "Едукација на ранливи групи за Туберкулоза" изведуван од страна на ХОПС-Опции за здрав живот, Црвениот крст на град Скопје беше вклучен за изведбата на едукацијата за Туберкулоза на бегалците и барателите на азил од Косово.

На Третиот конгрес по Превентивна медицина со меѓународно учество, одржан во Хотел Десарет, Охрид, од 4-7 Октомври 2006, Црвен крст на град Скопје, учествуваше со труд со тема "Појава и третман на Пост-трауматски стрес синдром кај бегалците после Косовкиот конфликт и бегалската криза во Македонија". Трудот беше претставен во форма на постер презентација и привлече големо внимание кај присутните на Конгресот.
Во рамките на одбележувањето на Недела на борба против ХИВ/СИДА (01-07.12.2006 година) Црвен крст на град Скопје организира неколку активности, како и централна манифестација, под мотото: Приближи ми се...ХИВ не можеш да добиеш преку дружење.

На 07.12.2006год. со почеток во 18:00 часот се одржа централна манифестација на градскиот плоштад Македонија. За таа цел се постави бина на плоштадот на која младинците на Црвениот крст беа водители на програмата, во тек на која се читаа наградените литературни творби, куси сентенци и факти за СИДА-та, информации кои се неопходни за правилна едукација и заштита. Во меѓувреме група од 200 младинци со факели во рацете, по однапред договорена маршута (од стара железничка станица), продефилираа во централното градско подрачје, за на крај да се спојат во знакот на панделката, пред самата бина. Останатите младинци исто така имаа свеќи во раце. Следуваше настап на Петар Ренџов кој ги забавуваше младинците и случајните минувачи.

Беше поставено огромно платно на кое случајните минувачи можеа да остават порака, а секој оној што остави порака како награда доби панделка (обележје) за борба против СИДА.

На крајот од манифестацијата следеше огнomet како завршен дел.

Во склоп на активностите беа одржани предавање за ХИВ/СИДА (превенција, информираност) на барателите на азил во РОШ центарот - Шуто Оризари на 04.12.2006; како и предавање за ХИВ/ СИДА за младите од ООЦК на Црвен крст на град Скопје.
Црвениот крст на град Скопје во рамките на своите програмски активности донираше лекови наменети за потребите на лицата сместени во Дневниот Центар - Деца на улица и Шелтер Центарот.
Исто така во делот на здравствено-превентивната дејност, како и социјално-хуманитарната дејност, беше опфатена целната група деца од Клиниката за Онкологија - Детски Оддел, каде беа донирани детски пелени за еднократна употреба.

Во рамките на Неделата на забоздравствена заштита (15-21 Декември) според календарот на Црвен крст на Македонија, Црвениот крст на град Скопје реализираше проект за забоздравствена заштита на деца од предучилишна возраст. Во просториите на детската градинка - Сонце се одржа предавање за забоздравствена заштита за децата од градинката.

Придобивки во делот од здравствено-превентивната дејност за 2006 година се: едукација на околу 200 бегалци и баратели на азил за превенција на двете заразни болести од посебен интерес, туберкулозата и сидата; едукација за ХИВ/СИДА на околу 30 младинци од ООЦК; масовно запознавање на населението со основните факти за ХИВ/СИДА во рамките на одбележувањето на Неделата за борба против ХИВ/СИДА; запознавање на децата од предучилишна возраст (група од 154 деца) за значењето на хигиената на усната шуплина, правилното и редовното миење на забите, правилна исхрана и редовна контола (систематски преглед) на забите кај стоматолог; подигање на имиџот на Црвениот крст на град Скопје.





# ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ

**Оваа година, како трета година по ред, Црвениот крст на град Скопје беше одговорен за реализација на активностите на проектот за Помош во здравство и логистичка асистенција на бегалците во Македонија, проект на Високиот Комесеријат за Бегалци на Обединетите Нации, со канцеларија во Скопје.**

На крајот на декември 2006 година, во Македонија беа евидентирани 1 924 лица, баратели на азил, бегалци и лица под хуманитарна заштита.

Основната цел на проектот е обезбедување на квалитетна основна здравствена заштита на бегалците, барателите на азил и други категории на лица под хуманитарна заштита. Заедно со примарната здравствена заштита за оваа ранлива категорија се обезбедуваат и голем број на лекови и помошни медицински помагала, како и разни ортопедски помагала, очила и контактни леќи, апарати за слух, апарати за мерење на крвен притисок и слично.

Активностите ја опфаќаат примарната здравствена заштита на корисниците која се остварува преку ординациите за општа медицина на Црвениот крст, во склоп на Здравствените домови Шуто Оризари и Автокоманда. Во нив се обезбедува основна здравствена заштита за сите возрасни категории на корисници, и тоа во Амбулантата Шуто Оризари со работа во две смени, а во амбулантата Автокоманда со работа во една смена.

Ординацијата по Општа медицина во склоп на Амбуланта Автокоманда започна со работа во март 2006 година. Нејзиното отварање овозможи задоволување на потребите на околу 400 корисници на услугите сместени во приватно сместување во Катланово, селата Трубарево, Огњанци и околината.

Вкупниот број на прегледи во периодот од 2006 година изнесува 15.585, од кои 10.538 се прегледи на возрасни и 5.047 се прегледи на деца. Просечен број на прегледи дневно изнесува околу 60.

Во врска со активноста на Црвен крст на град Скопје за борба против половото насилство, за кое во минатата година се изготвија формулари за пријавување и препраќање на жртвите и се дистрибуираа во амбулантите, имаме добра соработка како со персоналот од УНХЦР кој работи со таа проблематика, така и со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за Внатрешни работи (отсек азил) и правната служба.

Потребните репродуктивно-здравствени услуги за сите корисници од женскиот пол се обезбедени од страна на Црвен крст на град Скопје, како и потребните лекови, контрацептивни средства, советувалишта за планирање на семејство, заштита од полово-преносливи болести и сида.

Во рамките на Неделата за борба против ХИВ/СИДА, на 05.12.2006, беше организирано предавање Основни факти за ХИВ/СИДА наменето за бегалците и баратели на азил, во просториите на РОШ центарот, нас. Шуто Оризари.

Во втората половина од годината беа одржани и 3 предавања за Туберкулозата и едно за Прва помош наменети за корисниците, во просториите на РОШ центарот.

Во склоп на ординациите континуирано се работи на подигање на свеста меѓу корисниците за проблемот на семејно насилство и полово-базирано насилство со помош на медицинскиот тим. Добра околност е што во земјата, општо, веќе се посветува поголемо внимание на овој социјален проблем, се актуелизира и приближува до овој тип на ранливо население, заедно со помошта.

Во соработка со Институтот за Туберкулоза спроведено беше флуорографирање за лица над 18 години. Со оглед на добрата информираност на корисниците и масовноста, беше оценето како успешно.

Меѓу активностите кои се превземаат е обезбедување на адаптирано млеко за дел од децата на возраст до 1 година, кај чии мајки е утврден недостаток на мајчино млеко.

Стоматолошката здравствена заштита се остварува во соработка со Клиниката за Стоматологија во склоп на Клиничкиот Центар.



**ПРЕГЛЕД НА СМЕСТУВАЊА НА ЛИЦА БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ВО Р.МАКЕДОНИЈА**

| | |
|---|---|
| Берово | 1 |
| Гевгелија | 3 |
| Гостивар | 5 |
| Кавадарци | 2 |
| Кичево | 1 |
| Крушево | 1 |
| Куманово | 51 |
| Охрид | 1 |
| Прилеп | 5 |
| Скопје | 1778 |
| Струмица | 1 |
| Свети Николе | 1 |
| Тетово | 55 |
| Валандово | 15 |
| Велес | 1 |
| Панада-дом за стари лица | 2 |
| Дом за стари-Куманово | 1 |
| **Лица** | **1924** |

Дистрибуцијата на хигиенски пакети, како и пелени за деца и возрасни лица со хендикеп се врши преку магацинот во Момин Поток. Други матерјали се издаваат според индивидуални побарувања од страна на УНХЦР и Црвен крст на град Скопје.

Во 2006 год. се дистрибуирани вкупно 2300 семејни хигиенски пакети; 250 хигиенски пакети за самци; 2540 пакети детски пелени; 9345 пакети пелени за возрасни и 36 пакети за новороденчиња.

Црвениот крст на град Скопје, во месец октомври, прими донација во форма на лекови од страна на Холандската Хуманитарна организација Мара Гроанинг Фоундатион. Вредноста на донацијата изнесува 6010 евра. Добиената помош беше дистрибуирана во амбулантите на Црвениот крст на град Скопје.

Благодарение на под-проектот: Помош во здравство и логистичка асистенција на бегалците во Македонија се овозможува достоинствен живот на оваа ранлива категорија луѓе, како и помош на Република Македонија во справување со оваа категорија.

Со оглед на севкупната економска и политичка ситуација во Македонија, во склоп на која се и реформите во здравствениот систем, помошта на УНХЦР, како и на Црвен крст на град Скопје, како имплементатор, е повеќе од добредојдена.

# Информирање:

**Активностите и кампањите кои ја одбележаа работата на Црвен крст на град Скопје во 2006 год.редовно беа проследувани од медиумите и средствата за јавно информирање. Транспарентноста во работењето стана наш приоритет, но и начин преку кој се доближивме до сите категории корисници на нашите услуги, донаторите и пошироката јавност воопшто. Сите наши акции, кампањи, реализирани проекти редовно, преку соопштенијата до медиумите, беа проследувани во дневните весници и емисиите на телевизиските и радио програмите.**

- За посебно одбележување е соработката и присуството на телевизиските програми на ТВ станиците СИТЕЛ, МТВ и А1 ТВ и нивните утрински програми, за што и добија посебно признание и награда од Црвен крст на град Скопје.
- Web страната на Црвен крст на град Скопје, поради зголемениот обем на активности и проследување на истите, беше проширена и продолжува да биде отворен медиум за сите оние кои имаат можност преку електронски пат да се запознаат со нашата работа.
- По секоја реализирана активност стручните служби на Црвен крст на град Скопје поднесуваа извештаи за активноста до сите ООЦК на град Скопје, ЦК на РМ, партнерите со кои имавме релации како и до сите инволвирани донатори. Со тоа ја потврдивме довербата со донаторите, а стекнавме и нови, кои поради нашата транспарентност се понудија за соработка и поддршка на програмски активности.

- Во текот на 2006 год. во месец Мај излезе од печат новиот број на весникот "Солидарен мост". Наредниот број, со промени во уредувачката политика, содржинскиот аспект и опфатеноста на темите претрпе промени и во насловот, за во иднина да стане препознатлив како инфо гласило на Црвен крст на град Скопје "НОВА ДИМЕНЗИЈА" - општествено хуман магазин. Од печат излезе во Декември 2006г. , а неговата дистрибуција беше широка и опфати повеќе целни групи и популација на различна возраст.






ХУМАНОСТ: МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ И ЦРВЕНАТА ПОЛУМЕСЕЧИНА НАСТАНА КАКО РЕЗУЛТАТ НА ЖЕЛБАТА ДА ИМ СЕ ПОМОГНЕ НА РАНЕТИТЕ НА БОЈНОТО ПОЛЕ И ТОА БЕЗ БИЛО КАКВА ПРИСТРАСНОСТ, КАКО И ДА ГО СПРЕЧИ И ОЛЕСНИ ЧОВЕКОВОТО СТРАДАЊЕ СЕКОГАШ КОГА Е ТОА МОЖНО. ЦЕЛТА НА ДВИЖЕЊЕТО Е ДА ГО ЗАШТИТИ ЖИВОТОТ И ЗДРАВЈЕТО И ДА ГО ПОЧИТУВА ЧОВЕКОТ. ПРОМОВИРА ЗАЕДНИЧКО РАЗБИРАЊЕ, ПРИЈАТЕЛСТВО, СОРАБОТКА И ТРАЕН МИР МЕЃУ СИТЕ ЛУЃЕ. НЕПРИСТРАСНОСТ: НЕ ПРАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА НАЦИОНАЛНА, РАСНА, ВЕРСКА И КЛАСНА ПРИПАДНОСТ ИЛИ ПОЛИТИЧКО УБЕДУВАЊЕ. НАСТОЈУВА ДА ГИ ОЛЕСНИ СТРАДАЊАТА НА ПОЕДИНЦИТЕ, ВОДЕЈЌИ СЕ ИСКЛУЧИВО ОД НИВНИТЕ ПОТРЕБИ, НО ДАВАЈЌИ ПРИОРИТЕТ НА НАЈИТНИТЕ СЛУЧАИ. НЕУТРАЛНОСТ: ЗА ДА ЈА УЖИВА ДОВЕРБАТА НА СИТЕ, ДВИЖЕЊЕТО НЕ СМЕЕ ДА ЗАВЗЕМА СТРАНА ОД ПОЛИТИЧКА, РАСНА, ВЕРСКА ИЛИ ИДЕОЛОШКА ПРИРОДА. НЕЗАВИСНОСТ: ДВИЖЕЊЕТО Е НЕЗАВИСНО. НАЦИОНАЛНИТЕ ДРУШТВА ИАКО ДЕЛУВААТ КАКО ДОПОЛНЕНИЕ НА ХУМАНИТАРНИТЕ СЛУЖБИ НА ВЛАДИТЕ И СЕ ПРЕДМЕТ НА РЕГУЛИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО, МОРААТ ДА ЈА ЗАЧУВААТ АВТОНОМНОСТА ЗА ДА МОЖАТ ДА ДЕЈСТВУВААТ ВО СЕКОЕ ВРЕМЕ, СОГЛАСНО СО ПРИНЦИПИТЕ НА ДВИЖЕЊЕТО. ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА: ТОА Е ДВИЖЕЊЕ ЗА ДАВАЊЕ НА ДОБРОВОЛ НА ПОМОШ КОЕ НЕ Е ИНСПИРИРАНО ОД МАТЕРИЈАЛНИ ПОБУДИ. ЕДИНСТВО: ВО ЕДНА ДРЖАВА МОЖЕ ДА ИМА САМО ЕДНО НАЦИОНАЛНО ДРУШТВО НА ЦРВЕНИОТ КРСТ ИЛИ ЦРВЕНАТА ПОЛУМЕСЕЧИНА. МОРА ДА БИДЕ ОТВОРЕНО ЗА СИТЕ И ДА ЈА ИЗВРШУВА СВОЈАТА ХУМАНИТАРНА РАБОТА НА ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА ВО ЗЕМЈАТА. УНИВЕРЗАЛОСТ: МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ И ЦРВЕНАТА ПОЛУМЕСЕЧИНА, ВО КОЕ СИТЕ ДРУШТВА ШТО ГО СОЧИНУВААТ ИМААТ ЕДНАКОВ СТАТУС, ОДГОВОРНОСТИ И ДОЛЖНОСТИ ВЗАЕМНО ДА СЕ ПОМАГААТ, ДЕЛУВА ВО ЦЕЛИОТ СВЕТ.

ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ
KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT
CITY RED CROSS OF SKOPJE

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
REPORTI I PUNËS
ANNUAL REPORT

2006

### Придобивки:

Целокупната активност во сферата на информирање резултираше со поголема транспарентност во работењето, запознавање на пошироката јавност со нашите активности, стекнување на нови релации со НВО секторот и владините институции како и подигнување на имиџот на организацијата.

Црвен крст на град Скопје и во иднина останува отворен за соработка и проток на идеи и релации со целото наше пошироко опкружување.

# Ликовна колонија "Струга 2006"

Традицијата за одржување на ликовни колонии во организација на Црвен крст на град Скопје, го продолжува својот континуитет. од 29.08 - 07.09.2006 година, во Центарот за едукација и рекреација на кадри во Струга, се одржа VI- тата ликовна колонија.

За секој учесник се обезбедија платна, бои, растворители и останати материјали потребни за творечкиот процес. Уметниците беа слободни во изборот на техниките на творење и материјалите потребни за истото. До крајот на ликовната колонија, секој учесник остави во трајна сопственост на Црвен крст на град Скопје по 3 слики со најразлични ликовни техники и стилови, кои се нивно лично обележје.

Благодарност до сите учесници, кои својот личен белег го оставија преку своите дела, и во името на хуманоста подарија дел од себе.



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2006 ГОДИНА

| | Планирано 2006 | Остварено 2006 | % |
|---|---|---|---|
| ПРИХОДИ | 25,570,000.00 | 31,068,162.00 | 121.50 |
| РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 3,684,000.00 | 2,275,842.00 | 61.78 |
| МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ | 3.565,000.00 | 3926371.50 | 110.14 |
| ФУНКЦИОНАЛНИ РАСХОДИ | 18,271,000.00 | 24,823,949.50 | 135.87 |
| КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 50,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 25,570,000.00 | 31,026,163.00 | 121.34 |
| РАЗЛИКА | 0.00 | 41,999.00 | 0.16 |

## П Р И Х О Д И

| ПРИХОДИ | Планирано 2006 | Остварено 2006 | % |
|---|---|---|---|
| Пренесен дел од вишокот на приходите од минатата година | 0.00 | 3,739.00 | 0.00 |
| Приходи од кирии и закупнини | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Пригоди од локален буџет | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Приходи од регистрација возила/Закон за ЦК | 2,500,000.00 | 1,797,983.00 | 71.92 |
| Приходи од прва помош | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Донации/спонзорства | 170,000.00 | 117,120.50 | 68.89 |
| Приходи од ЦКРМ | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Од проекти, млади | | 183,000.00 | 0.00 |
| Од други проекти | 1,500,000.00 | 1,111,345.50 | 74.09 |
| III Балканско првенство во ПМП-Донации | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| УНХЦР | 10,300,000.00 | 12,801,276.50 | 124.28 |
| ПХВ МКЦК | 260,500.00 | 910,524.00 | 349.53 |
| ПХВ -Обезбедени од Норвешки ЦК | 1,217,650.00 | 737,370.00 | 60.56 |
| ПХВ Сопствени- | 521,850.00 | 274,884.50 | 52.68 |
| Приходи од камати | 0.00 | 9,871.00 | 0.00 |
| Приходи од курсеви | 100,000.00 | 145,500.00 | 145.50 |
| Вонредни приходи-Приходи Центар Водно | 0.00 | 1,642,032.50 | 0.00 |
| Приход-Струга+сопствени приходи | 9,000,000.00 | 10,318,692.50 | 114.65 |
| Приход Проект Пријателство без граници | 0.00 | 1,014,823.00 | 0.00 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 25,570,000.00 | 31,068,162.00 | 121.50 |

## Р А С Х О Д И

### РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

| ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | Планирано 2006 | Остварено 2006 | % |
|---|---|---|---|
| Нето плати | 1,828,800.00 | 1,388,868.00 | 75.94 |
| Надомест за превоз на вработени | 96,000.00 | 31,550.00 | 32.86 |
| Надомест за храна на вработени | 290,000.00 | 141,640.00 | 48.84 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Надомест за годишен одмор | 98,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| Јубилејни награди | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Отпреминина за пензија | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Други надоместоци | 21,200.00 | 7,704.00 | 36.34 |

| ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК | Планирано 2006 | Остварено 2006 | % |
|---|---|---|---|
| Придонеси од плата на вработени | 1,050,000.00 | 492,396.00 | 46.89 |
| Персонален данок од плата | 300,000.00 | 213,684.00 | 71.23 |
| Персонален данок од надоместоци(дневници, јубилејни награди) | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ** | 3,684,000.00 | 2,275,842.00 | 61.78 |

## МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ

| ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА | Планирано 2006 | Остварено 2006 | % |
|---|---|---|---|
| Трошоци за учество во расходите во ДХО-Скопје | 260,000.00 | 225,078.00 | 86.57 |
| Електрична енергија Струга | 400,000.00 | 622,037.50 | 155.51 |
| Електрична енергија Водно | 660,000.00 | 536,582.00 | 81.30 |
| Трошоци за вода Струга | 250,000.00 | 279,463.00 | 111.79 |
| Ѓубретарина Струга | 70,000.00 | 65,461.50 | 93.52 |
| Затоплување | 0.00 | 0.00 | |

| КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | Планирано 2006 | Остварено 2006 | % |
|---|---|---|---|
| Пошта | 20,000.00 | 58,562.00 | 292.81 |
| Телефон и телефакс Скопје | 200,000.00 | 340,623.00 | 170.31 |
| Телефон и телефакс Струга | 60,000.00 | 119,002.00 | 198.34 |
| Телефон и телефакс Водно | 20,000.00 | 17,675.00 | 88.38 |
| Интернет | 0.00 | 134,222.00 | 0.00 |
| Гориво | 200,000.00 | 232,232.00 | 116.12 |
| Трошоци за регистрација возила | 50,000.00 | 80,575.00 | 161.15 |
| Други расходи за транспорт (патарина, миење коли, лепење гуми) | 30,000.00 | 50,795.00 | 169.32 |

| МАТЕРИЈАЛИ | Планирано 2006 | Остварено 2006 | % |
|---|---|---|---|
| Канцелариски материјал | 150,000.00 | 169,888.50 | 113.26 |
| Претплата за списанија | 15,000.00 | 35,330.50 | 235.54 |
| Материјали за АОП | 50,000.00 | 51,217.00 | 102.43 |
| Пијалоци и прехрамбени продукти | 150,000.00 | 143,914.00 | 95.94 |
| Средства за хигиена | 50,000.00 | 24,729.00 | 49.46 |
| Издатоци за репрезентација | 0.00 | | 0.00 |
| Други материјали | 50,000.00 | 58,590.00 | 117.18 |

| ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | Планирано 2006 | Остварено 2006 | % |
|---|---|---|---|
| Поправка и одржување возила | 80,000.00 | 37,850.00 | 47.31 |
| Трошоци за одржување опрема | 20,000.00 | 52,468.00 | 262.34 |
| Трошоци за одржување зградите | 100,000.00 | | 0.00 |
| Трошоци за ПП Апарати | 0.00 | 16,732.00 | 0.00 |
| Одржување на софтвер и хардвер | 0.00 | | 0.00 |

| ДРУГИ ДОГОВОРЕНИ УСЛУГИ | Планирано 2006 | Остварено 2006 | % |
|---|---|---|---|
| Адвокатски хонорари-судски решенија | 135,000.00 | 91,406.00 | 67.71 |
| Банкарска провизија | 35,000.00 | 51,034.50 | 145.81 |
| Осигурување на имот | 150,000.00 | | 0.00 |
| Други услуги | 360,000.00 | 430,904.00 | 119.70 |
| Наемнина | 0.00 | | 0.00 |
| **ВКУПНО МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ** | 3,565,000.00 | 3,926,371.50 | 110.14 |

## ФУНКЦИОНАЛНИ РАСХОДИ

| ДЕЈНОСТИ | Планирано 2006 | Остварено 2006 | % |
|---|---|---|---|
| Организација и развој | | | |
| Седница на Извршен Одбор | 100,000.00 | 93,844.00 | 93.84 |
| Собрание на ЦК на град Скопје | 30,000.00 | 38,195.00 | 127.32 |
| 60 години Јубилеј-заостанат долг | | 111,563.00 | 0.00 |
| Информирање и комуникација | 20,000.00 | 47,730.00 | 238.65 |
| Дисеминација | 20,000.00 | 13,150.00 | 65.75 |
| Здравствено - воспитна дејност | 50,000.00 | 14,400.00 | 28.80 |
| Прва помош-Учество на Балканскиот натпревар ПП | 50,000.00 | 144,281.00 | 288.56 |
| Крводарителство | 20,000.00 | 51,495.00 | 257.48 |
| Социјално - хуманитарна дејност | 100,000.00 | 21,712.00 | 21.71 |
| Служба барање | 0.00 | | 0.00 |
| Маркетинг | 20,000.00 | 11,120.00 | 55.60 |
| Финансии | 20,000.00 | 13,850.00 | 69.25 |
| Катастрофи | 300,000.00 | 310,333.00 | 103.44 |
| Меѓународна соработка-реализирани проекти | 1,500,000.00 | 1,111,345.50 | 74.09 |
| Проект Млади-Стопанска банка | | 183,000.00 | 0.00 |
| Патување во странство | 150,000.00 | 155,544.00 | 103.70 |
| Учество на семинари и конференции | 100,000.00 | 74,355.00 | 74.36 |
| Расходи УНХЦР | 10,300,000.00 | 12,801,276.50 | 124.28 |
| Расходи ПХВ МКЦК | 260,500.00 | 910,524.00 | 349.53 |
| Расходи ПХВ Сопствени | 521,850.00 | 274,884.00 | 52.67 |
| Расходи ПХВ Сопствени -Норвешки Црвен крст | 1,217,650.00 | 737,370.00 | 60.56 |
| Младина | 250,000.00 | 349,709.00 | 139.88 |
| Расходи за Центар Струга | 3,241,000.00 | 6,279,445.50 | 193.75 |
| Расходи Проект-Пријателство без граници | 0.00 | 1,014,823.00 | 0.00 |
| Котизација ЦК на РМ | 0.00 | 60,000.00 | 0.00 |
| **ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Трансфери до основни организации на ЦК | 0.00 | | 0.00 |
| Фонд за развој (ЦКРМ) | 0.00 | | 0.00 |
| **ВКУПНО ФУНКЦИОНАЛНИ РАСХОДИ** | **18,271,000.00** | **24,823,949.50** | **135.87** |

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА | Планирано 2006 | Остварено 2006 | % |
|---|---|---|---|
| Купување канцелариски мебел | 50,000.00 | | 0.00 |
| Купување на информатичка и друга опрема | 0.00 | | 0.00 |
| КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА | Планирано 2006 | Остварено 2006 | % |
| Купување автомобил | 0.00 | | 0.00 |
| ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ | Планирано 2006 | Остварено 2006 | % |
| Реконструкција и реновирање на градежни објекти | 0.00 | | 0.00 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **50,000.00** | **0.00** | **0.00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | 25,570,000.00 | 31,026,163.00 | 121.34 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | 31,068,162.00 | |
| **Разлика** | | 41,999.00 | 0.16 |

*Појаснување:*

*Остварени расходи за плата во 2006 година изнесуваат 7,34 %*
*Остварени материјални расходи 12,66 %*
*Остварени расходи на функцијата изнесуваат 80,00 %*
*Остварени Капитални расходи 0,00 %*

# ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2006 ГОДИНА

Црвениот Крст на град Скопје преку финансовиот извештај за 2006 година, дава јасна слика за извршувањето на планираниот буџет за изминатата година, како и негово целосно и успешо реализирање

1.Табеларен приказ на планирани и остварени приходи за 2005/2006 година

Во табеларниот приказ бр. 1 може да се види дека во 2005 година нема поголеми отстапувања од планираните и остварените приходи.

За 2006 година бележиме пораст во остварените приходи , благодарение на обезбедените непланирани проекти, како резултат на нашата перманентна заложба и успешна соработка со невладиниот сектор, како и преку проект со меѓународни организации.

Овој пораст на остварените приходи е одраз на позитивниот тренд и имиџот на организацијата, којшто се рефлектира како кај домашните така и кај странските институции и организации.

Од друга страна во табеларниот приказ бр.2 може да се забележи дека повеќе од 50% остварени приходи се по основ на проекти и донации.

Бележиме пораст од 23.09 % во однос на планирани и остварени приходи од проекти, додека остварените сопствени приходи ги имаме зголемено за 19.66 %

Табеларен приказ бр1

2. Табеларен приказ на планирани и остварени расходи за 2006 година

Во табеларниот приказ бр.3 може да се истакне дека планираните расходи по ставка плати се намалени ,затоа што дел од платите се обезбедени и исплатени преку голем број проекти.

Додека кај материјалните расходи бележиме пораст на истите ,како резултат на зголемениот вкупен приход за




2006 година од 21.50% и зголемен број на реализирани програмски активности во текот на изминатата година.

Во однос на функционалните расходи и оваа година најголем процент, односно 80% од вкупниот износ на планирани и остварени трошоци, припаѓаат на ставката расходи на функцијата.






**ХУМАНОСТ:** МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ И ЦРВЕНАТА ПОЛУМЕСЕЧИНА НАСТАНА КАКО РЕЗУЛТАТ НА ЖЕЛБАТА ДА ИМ СЕ ПОМОГНЕ НА РАНЕТИТЕ НА БОЈНОТО ПОЛЕ И ТОА БЕЗ БИЛО КАКВА ПРИСТРАСНОСТ, КАКО И ДА ГО СПРЕЧИ И ОЛЕСНИ ЧОВЕКОВОТО СТРАДАЊЕ СЕКОГАШ КОГА Е ТОА МОЖНО. ЦЕЛТА НА ДВИЖЕЊЕТО Е ДА ГО ЗАШТИТИ ЖИВОТОТ И ЗДРАВЈЕТО И ДА ГО ПОЧИТУВА ЧОВЕКОТ. ПРОМОВИРА ЗАЕДНИЧКО РАЗБИРАЊЕ, ПРИЈАТЕЛСТВО, СОРАБОТКА И ТРАЕН МИР МЕЃУ СИТЕ ЛУЃЕ. **НЕПРИСТРАСНОСТ:** НЕ ПРАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА НАЦИОНАЛНА, РАСНА, ВЕРСКА И КЛАСНА ПРИПАДНОСТ ИЛИ ПОЛИТИЧКО УБЕДУВАЊЕ. НАСТОЈУВА ДА ГИ ОЛЕСНИ СТРАДАЊАТА НА ПОЕДИНЦИТЕ, ВОДЕЈЌИ СЕ ИСКЛУЧИВО ОД НИВНИТЕ ПОТРЕБИ, НО ДАВАЈЌИ ПРИОРИТЕТ НА НАЈИТНИТЕ СЛУЧАИ. **НЕУТРАЛНОСТ:** ЗА ДА ЈА УЖИВА ДОВЕРБАТА НА СИТЕ, ДВИЖЕЊЕТО НЕ СМЕЕ ДА ЗАВЗЕМА СТРАНА ОД ПОЛИТИЧКА. РАСНА, ВЕРСКА ИЛИ ИДЕОЛОШКА ПРИРОДА. **НЕЗАВИСНОСТ:** ДВИЖЕЊЕТО Е НЕЗАВИСНО. НАЦИОНАЛНИТЕ ДРУШТВА ИАКО ДЕЛУВААТ КАКО ДОПОЛНЕНИЕ НА ХУМАНИТАРНИТЕ СЛУЖБИ НА ВЛАДИТЕ И СЕ ПРЕДМЕТ НА РЕГУЛИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО, МОРААТ ДА ЈА ЗАЧУВААТ АВТОНОМНОСТА ЗА ДА МОЖАТ ДА ДЕЈСТВУВААТ ВО СЕКОЕ ВРЕМЕ, СОГЛАСНО СО ПРИНЦИПИТЕ НА ДВИЖЕЊЕТО. **ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА:** ТОА Е ДВИЖЕЊЕ ЗА ДАВАЊЕ НА ДОБРОВОЛНА ПОМОШ КОЕ НЕ Е ИНСПИРИРАНО ОД МАТЕРИЈАЛНИ ПОБУДИ. **ЕДИНСТВО:** ВО ЕДНА ДРЖАВА МОЖЕ ДА ИМА САМО ЕДНО НАЦИОНАЛНО ДРУШТВО НА ЦРВЕНИОТ КРСТ ИЛИ ЦРВЕНАТА ПОЛУМЕСЕЧИНА. МОРА ДА БИДЕ ОТВОРЕНО ЗА СИТЕ И ДА ЈА ИЗВРШУВА СВОЈАТА ХУМАНИТАРНА РАБОТА НА ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА ВО ЗЕМЈАТА. **УНИВЕРЗАЛОСТ:** МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ И ЦРВЕНАТА ПОЛУМЕСЕЧИНА, ВО КОЕ СИТЕ ДРУШТВА ШТО ГО СОЧИНУВААТ ИМААТ ЕДНАКОВ СТАТУС, ОДГОВОРНОСТИ И ДОЛЖНОСТИ ВЗАЕМНО ДА СЕ ПОМАГААТ, ДЕЛУВА ВО ЦЕЛИОТ СВЕТ.

# www.redcross.org.mk/skopje

■ Издавач: Црвен крст на град Скопје ■ Технички уредник: Владимир Хаџи Пулевски ■ Превод на англиски: Сашо Талески ■ Превод на албански: Џелал Јакупи ■
■ Печати: Европа 92 ■ Тираж: 500 ■ Црвен крст на град Скопје ■ ул. “11 Октомври” бр42 а ■ тел + факс 00389 2 3139 578 ■ е-маил: skopje@redcross.org.mk www.redcross.org.mk/skopje ■